РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАРПОШ
„ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр. 03-3495/1
02.04.2026 год.
СКОПЈЕ

СИНДИКАТ УПОЗ
Синдикат на работниците од управата правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија- УПОЗ
Бр. 0101-292/1
02.04.2026 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 3 и член 24 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19 и 14/20) член 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија", број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 6/2017 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и член 203 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/05, 3/06, 44/06, 66/06, 16/07, 57/07, 77/07, 106/08, 161/08, 63/09, 114/09, 130/09, 149/09, 10/10, 16/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 158/10, 47/11, 11/12, 39/12, 52/12, 13/13, 25/13, 54/13, 170/13, 187/13, 34/14, 106/14, 113/14, 145/14, 20/15, 33/15, 72/15, 74/15, 129/15, 167/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/19, 151/21 и 288/21), а во врска со член 5 од Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија"број 10/2008 и 85/2009) и член 4 став (3) од Гранскиот Колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" број 51/20 и 172/21), Општина Карпош претставувана од Градоначалникот Сотир Лукровски од една страна и Синдикатот на работниците од управата правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ (УПОЗ), претставуван од Претседателот на Синдикатот на УПОЗ Трпе Деаноски и Синдикалната организација при Општина Карпош, претставувана од Претседателот на Синдикалната организација при Општина Карпош Благоја Павловски од другата страна, на ден 02.04.2026 склучија:

# КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР
# НА ОПШТИНА КАРПОШ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на колективниот договор

**Член 1**

(1) Со овој колективен договор се уредуваат правата, обврските и одговорностите и други прашања во врска со работниот однос на вработените во Општина Карпош.
(2) Овој колективен договор не се однесува на вработените во јавните основни и средни училишта, јавните установи и јавните претпријатија основани од Општина Карпош.

## Поимник
## Работодавач и вработени

### Член 2

(1) Работодавач во смисла на овој колективен договор е Општина Карпош (во натамошниот текст: работодавачот).

(2) Вработени во смисла на овој колективен договор се вработените кои засновале работен однос кај работодавачот од став 1 на овој член.

(3) Синдикат во смисла на овој колективен договор е Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ (УПОЗ) кој е потписник на овој колективен договор, и е репрезентативен на ниво на работодавач, односно во кој се зачленети најмалку 20% од бројот на вработени кај работодавачот и кои плаќаат членарина.

(4) Синдикална организација во смисла на овој колективен договор е синдикалната организација при Општина Карпош, членка на Синдикатот на УПОЗ.

(5) Минимална плата е онаа која Министерството за економија и труд ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ согласно со закон.

## Опфат и примена на Законот и на Колективниот договор

### Член 3

Овој колективен договор е задолжителен и ги обврзува работодавачот и вработените од членот 2 во неговата непосредна примена.

### Член 4

(1) Со овој колективен договор се уредуваат поголеми и поповолни права од правата предвидени со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за инспекциски надзор, Законот за работните односи, и други закони, Општиот колективен договор за вработените во јавниот сектор и Гранскиот Колективен договор за органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено - поправните и воспитно - поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија, кои не се предвидени со наведените акти, ако тоа не е спротивно со закон.

(2) Одредбите во овој колективен договор со кои се утврдени помали или понеповолни права од правата утврдени со законите и актите од ставот (1) на овој член се ништовни.

(3) Со договорите за вработување и решенијата може да се утврдат поголеми и поповолни во обем на права за вработените, како и да се уредат прашања кои не се предмет на уредување на овој колективен договор.

### Член 5

Синдикалната организација при Општина Карпош, потписник на овој колективен договор, учествуваат со свој претставник во процесот на спроведување на вертикална функционална анализа, изготвување на правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и на нивните измени и дополнувања.

## II. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

**Член 6**

Вработениот е должен совесно да ги извршува обврските од работното место за кое склучил договор за вработување во време и на место, кои што се определени за извршување на работите, почитувајќи ја организацијата и деловната активност на работодавачот и општите и посебните прописи за безбедност и здравје при работа, етичките стандарди и правила на однесување од Кодексот за административни службеници, Кодекс на однесување за административните службеници во општина Карпош и Кодексот на правила на облекување на административните службеници во општина Карпош.

**Член 7**

(1) Вработениот е должен да врши и друга работа која не е предвидена со договорот за вработување или решението (дополнителна работа), ако е во рамките на степенот на неговата стручна подготовка, задолжително врз основа на писмен акт од градоначалникот, секретарот, непосредно претпоставениот, се додека траат причините.
(2)Додатокот на плата, вработениот може да го оствари заради дополнителниот придонес во извршување на специфичните работи и задачи, зголемен обем и сложеност при нивното извршување.
(3)Висината на додатокот на плата во зависност од условите изнесува:
- за специфичност на работите и работните задачи – 10%
- за зголемен обем на работа – 10%

**Член 8**

Специфичност на работите и работните задачи опфаќа:

- извршување на посеопфатни работи и работни задачи во однос на работите и задачите кои вообичаено се извршуваат;
- постојана достапност на вработениот на раководното лице или на непосредно претпоставениот раководен административен службеник;
- извршување на работни задачи во скратени рокови и постоење на потреба од итно постапување;
- извршување на работи и работни задачи поврзани со класифицирани информации;
- подготовка на стратешки документи, анализи и извештаи од сложен карактер.

**Член 9**

Зголемен обем на работа опфаќа:

1) Значително зголемен обем на работни задачи поради недоволен број на вработени и одлив на кадар во организационата единица;
2) Извршување на работи и работни задачи на отсутен работник во текот на подолг временски период, а при тоа нема вработено лице за негова замена на определено време;
3) Извршување на дополнителни работи и работни задачи врз основа на задолжение во писмена форма, решение или овластување, а кои не се во описот на работното место и

4) Извршување на работни задачи кои произлегуваат од проектни активности во организационата единица.

**Член 10**

(1) Предлог за остварување на правото на додаток на плата од членот 2 од овој правилник може да поднесе непосредно претпоставениот административен службеник, раководниот административен службеник, секретарот и раководното лице на институцијата.
(2) Предлогот од ставот 1 на овој член се поднесува до секретарот, односно до раководното лице на институцијата во кој не се назначува секретар, најдоцна до 10–ти во месецот за претходниот месец.
(3) Предлогот од ставот 1 на овој член се поднесува на пропишан образец кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

**Член 11**

(1) Раководното лице на институцијата, одлучува по предлогот од членот 10 став 1 од овој правилник, при што додатокот на плата се утврдува за најмногу 30% од вработените.
(2) Раководното лице на институцијата, одлучува по предлогот од членот 10 став 1 од овој правилник, со решение со кое се утврдува временскиот период за кој се утврдува правото на додаток на плата и висината на износот на додатокот на плата изразен во проценти, поединечно по вработен или донесува решение со кое се отфрла предлогот за остварување на правото на додаток на плата.

**Член 12**

Општите права и должности на вработениот кои произлегуваат од работниот однос се уредени со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за инспекциски надзор, Законот за работните односи, друг закон, општите прописи за работните односи и овој и друг колективен договор.

**Член 13**

(1) Во случај на вонредна состојба, воена состојба или заради заштита и справување со последиците од заразни болести, секретарот односно градоначалникот може да ја организира работата комбинирано, работа во смени или работа од далечина.
(2) Како вршење на работа од далечина се смета работа која вработениот ја врши во својот дом или во простории по свој избор што се надвор од деловните простории на работодавачот за што секретарот, односно градоначалникот носи решение за вршење на работа од далечина.

**<u>Работно време</u>**

**Член 14**

(1) Работното време на вработените, со исклучок на вработените од ставовите (2), (3) од овој член, започнува од 07:30 до 08:00 часот а завршува во 15:30 до 16:00 часот, од понеделник до петок и изнесува 8 часа дневно, односно 40 часа неделно.
(2) Работното време на вработените на работното место хигиеничар е во две смени, од кои првата смена започнува во 9:00 часот а завршува во 17:00 часот, од понеделник до петок и изнесува 8 часа дневно, односно 40 часа неделно.
(3) Работното време на вработените во одделението за техничко логистичка поддршка е во три смени, од кои првата смена започнува во 7:30 часот а завршува во 15:30 часот,

втората смена започнува во 15:30 часот а завршува во 21:30 часот и третата смена започнува од 21:30 часот, а завршува во 7:30 часот, од понеделник до недела.
(4) За промена на работното време, Градоначалникот донесува Одлука за утврдување на работното време, а во согласност со синдикатот.

## Работа во неработни денови

### Член 15

(1) Работа во деновите кои се неработни согласно закон, може да се предвиди само во случај на виша сила и зголемен обем на работа.
(2) Одредбите од ставот 1 на овој член не се однесуваат на работните места каде што не смее да има прекин на работниот процес.

## Паузи

### Член 16

(1) Вработениот има право на паузи, одмори и отсуства од работа, согласно со посебните закони, општите прописи за работните односи и колективните договори.
(2) Паузата во текот на дневната работа, во траење од 30 минути вработениот може да ја користи и надвор од предвиденото време, со претходна согласност на непосредно претпоставениот.
(3) Во случаи каде според карактерот и природата на работите и задачите не се дозволува прекин на работата, како и во услови на работа со странки, паузата се организира од страна на непосредно претпоставениот на начин кој обезбедува непречено извршување на работата, а вработениот да го оствари своето право.

## Годишен одмор
## Критериуми за утврдување на годишниот одмор

### Член 17

(1) Вработениот има право на користење на годишен одмор во траење од најмалку 20 работни дена.
(2) Годишниот одмор на вработениот се определува според следниве критериуми:

- Должина на работен стаж – најмногу три дена и тоа:
    - Од 1 година до 10 години работен стаж – 1 работен ден;
    - Од 10 години до 20 години работен стаж – 2 работни дена;
    - Над 20 години работен стаж – 3 работни дена.
- Сложеност на работа, согласно степенот на образование:
    - Средно образование – 2 работни дена;
    - Високо образование – 3 работни дена
- Повозрасен работник со наполнети 57 години за жени и 59 за мажи имаат право на уште три (3) работни дена годишен одмор;
- Инвалид работник со најмалку 60% телесна оштетеност и работник кој негува негува и чува дете со телесни или душевни недостатоци – три (3) работни дена.

**Член 18**

(1) Годишниот одмор се определува со решение со право за користење на годишен одмор за секој вработен поединечно, а по донесување на Годишниот план за годишен одмор на Општината за секоја година, со кое се утврдува должината на годишниот одмор и критериумите врз основа на кои е определена должината на годишниот одмор.

(2) Вработениот има право 3 дена од годишниот одмор да ги искористи во денови кои што самиот ќе ги определи, за што мора да го извести работодавачот најдоцна 3 работни дена пред користењето.

(3) Во случај на итна и неодложна потреба (работи кои независат од волјата на вработениот и не можат однапред да се предвидат), вработениот има право да искористи еден ден од деновите наведени во ставот (1) на овој член, за што до крајот на работното време во денот на настанувањето на потребата за истото ќе го извести работодавачот.

**<u>Платено отсуство</u>**

**Член 19**

(1) Вработениот има право на платено отсуство заради лични и семејни околности до седум работни дена во текот на календарската година и тоа за:

- склучување брак – 3 работни дена;
- склучување брак на дете – 2 работни дена;
- раѓање или посвојување дете – 3 работни дена;
- смрт на сопружник или дете – 5 работни дена;
- смрт на родител, брат, сестра – 3 работни дена;
- смрт на родител на сопружник – 2 работни дена;
- смрт на дедо или баба – 1 работен ден;
- развод на брак – 3 работни дена (најдоцна до правосилноста на пресудата за развод на бракот);
- полагање на стручен испит за потребите на работодавачот – 3 работни дена;
- полагање на правосуден испит, магистратура или докторат – 3 работни дена;
- селидба на семејството од едно во друго место – 3 работни дена;
- селидба на семејството во исто место – 1 работен ден;
- семеен верски празник - 1 работен ден
- елементарна непогода и климатски неповолен настан – 5 работни дена;
- елементарна непогода во домот (пожар, поплава и друг неповолен настан во домот за кој се доставува доказ) – 3 работни дена;
- кражба во домот – 1 работен ден;
- прв ден на прваче – 1 работен ден;
- доброволно дарување крв – денот на дарување на крв и 2 последователни работни дена и
- за учество на синдикални активности на вработените организирани од страна на синдикатите - деновите на одржување на тие активности.

(2) Отсуството од работа поради личните и семејните околности од ставот (1) на овој член се користи непосредно во деновите на траење на околностите.

(3) Вработениот кој заминал да дарува крв, а од некоја причина не му било дозволено да дарува, должен е да се врати на работа истиот ден.

## Неплатено отсуство

### Член 20

(1) Вработениот има право на неплатено отсуство од работа без надоместок на плата и продонеси од плата најдолго три месеци во текот на календарската година во следните случаи:

- за нега на болен член на семејството;
- за лекување со сопствени средства, непризнаени од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на своја сметка;
- за патување во странство;
- за изградба, доградба, или поправка на куќа или стан;
- за учество во спортски или други манифестации што не се дел од синдикалните активности;
- за учество на конгреси, конференции и слично што не се дел од синдикални активности или не се за потребите на работодавачот;
- за подготовка на правосуден испит;
- за подготовка на магистерски труд или докторати и
- за други неодложни лични работи.

(2) Користењето на неплатеното отсуство се остварува врз основа на решение од работодавачот по писмено барање од страна на вработениот кое треба да биде поднесено пред користењето на отсуството, во кое се наведува основот за неплатеното отсуство и времето на користењето на отсуството.
(3) Работодавачот е должен за користење на неплатеното отсуство да донесе решение за неплатено отсуство, најдоцна 15 дена пред користењето на неплатеното отсуство.
(4) На вработениот му мируваат правата и обврските од работен однос за време на неплатеното отсуство.

## Должност за извршување на работата и работните задачи

### Член 21

(1) Вработените во Општината може да се распоредат да извршуваат работни задачи кои не се во описот на нивното работно место согласно актот за систематизација на работни места.
(2) Непосредно претпоставениот, секретарот и градоначалникот може на вработените во Општината да определи да извршуваат други работи и работни задачи кои не се во описот на неговото работно место со писмено овластување или работен налог.

# III. ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ НА РАБОТА

### Член 22

(1) Вработените имаат право на обезбедени организациски, просторни и технички услови за вршење на работите и работните задачи.
(2) Работодавачот е должен да обезбеди услови потребни за безбедно извршување на работите и работните задачи на вработените преку примена на мерки, средства и методи во согласност со закон и другите прописи за безбедност и здравје при работа.

**Член 23**

Вработениот е должен да се придржува кон мерките за заштита при работа и работите на работното место да ги врши со потребно внимание заради обезбедување на својот живот и здравје и на животот и здравјето на другите вработени и граѓаните.

**Член 24**

Работодавачот е должен да обезбеди редовни медицински прегледи согласно закон, заради откривање на професионални и други заболувања.

## IV. ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И ДРУГИ ПРИМАЊА

### Општи одредби за платата на вработените

**Член 25**

(1) Вработениот има право на плата, надоместоци и додатоци на плата согласно закон, општите прописи за работни односи, општиот колективен договор, гранскиот колективен договори и овој поединечен колективен договор.

(2) Платата на вработен кој работи со полно работно време и нормален учинок не може да биде пониска од минималната плата.

(3) Вработениот има право и на 13-та плата, во висина од просечната месечна нето плата во Република Северна Македонија објавена до денот на исплатата и под услови утврдени со овој колективен договор.

(4)Вработениот кој работи помалку од полното работно време (скратено работно време), во согласност со прописите за пензиско и инвалидско осигурување и прописите за здравствено осигурување ги остварува правата од задолжително социјално осигурување како кога би работел со полно работно време.

(5) Вработениот од ставот (3) на овој член има право на плаќање за работата како и вработен кој работи полно работно време, односно како кога би работел со полно работно време.

(6) Платите, надоместоците и додатоците на плата на вработениот се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, Буџетот на Општина Карпош и од други извори на средства утврдени со закон.

(7) Синдикалниот претставник учествува во процесот на подготвување на буџетот на работодавачот, во делот за ставките од буџетот од кои се исплаќаат платите и другите надоместоци за вработените.

(8) Платата на вработениот се пресметува во бруто износ, а се исплатува во нето паричен износ еднаш месечно, најдоцна до 15-тиот ден во тековниот месец за претходниот месец.

(9) Придонесите и данокот на личен доход на вработениот ги плаќа работодавачот, со исплата на платата во согласност со закон.

(10) Работодавачот е должен да води евиденција на платите, додатоците на платите надоместоците на платите и исплатените придонеси од плата и персоналниот данок од доход и за нив на вработените им се издава потврда дека се исплатени, најдоцна до 1 февруари во тековната година, за претходната година.

## Плата на вработените кои вршат помошно-технички работи

**Член 26**

(1)Основната плата на вработените кои вршат помошно-технички работи е изразена во бодови и истите се наведени во Правилникот за плати, надоместоци на плата и други примања на вработените во општинската администрација на општина Карпош - Локална Самоуправа.

(2) Основната плата на вработените кои вршат помошно-технички работи се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.

## Додаток на плата за работа изложена на висок ризик

**Член 27**

(1) Вработениот со статус на државен службеник кој при вршењето на работите е изложен на висок ризик по неговиот живот и здравје има право на додаток на плата, во зависност од видот на ризикот, во висина од 10% до 30% од износот на основната плата, согласно проценката на ризик предвидена со закон.

(2) По исклучок од ставот (1) од овој член, независно од проценката на ризик предвидена со закон, вработениот кој согласно Законот за инспекциски надзор има статус на инспектор, и вработените кој согласно Законот за комунални дејности имаат статус на комунален редар имаат право на додаток на плата заради постоење на висок ризик по животот и здравјето при извршувањето на работите и задачите на инспектор во висина до 30% од износот на основната плата.

## Додаток на плата заради усогласување со пазарот на труд

**Член 28**

(1) Вработените со статус на државни службеници имаат право на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот, за што Градоначалникот може да побара од Советот на Општина Карпош да одобри додаток на плата.

(2) Барањето за одобрување на додатокот од ставот (1) на овој член треба да биде засновано на анализа која ќе покаже дека:

- платите на пазарот на трудот за таквите работни места се значително повисоки од платите на државните службеници кои извршуваат исти работи,
- вработувањето е отежнато или стапката на напуштање на работните места е неприфатливо висока,
- пазарот на трудот нуди ограничен број на квалификувани поединци за таквата работа или
- административните службеници биле подложени на повеќегодишно стручно усовршување и нивното напуштање на работното место би предизвикало големи фискални импликации по Општината.

## Додаток на плата заради специфичност и сложеност на работни задачи

### Член 29

(1)Вработените во Општина Карпош, имаат право на додаток на плата заради специфичноста и сложеноста во извршувањето на работните задачи поврзани со работата, во висина од 231 бодови.

## Додаток на плата за образование

### Член 30

(1) Доколку вработениот поседува ниво на квалификации VIII, 480 кредити (ЕКТС) или 7/3 степен, односно Докторат се определува додаток во висина од 60 бодови.
(2) Доколку вработениот поседува ниво на квалификации VII, 300 кредити (ЕКТС) или 7/2 степен, односно магистратура се определува додаток во висина од 35 бодови.
(3) Доколку вработениот има положено правосуден испит се определува додаток во висина од 30 бодови.
(4) Додатоците предвидени во став 1,2 и 3 се исклучуваат меѓусебно и се користи поповолното право.

## Додаток на плата за ноќна работа, работа во смени, работа во празник, работа во недела и прекувремена работа

### Член 31

(1) Вработениот има право на додаток на плата за:

- ноќна работа;
- работа за време на неделен одмор;
- работа за време на празници утврдени со закон;
- работа во недела и
- работа подолга од полното работно време.

(2) Основната плата на вработениот по час се зголемува за:

- ноќна работа по 35%;
- прекувремена работа по 35%;
- работа во недела 50% и

(3) За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, вработениот има право на плата што му припаѓа во тие денови кога не работи и плата за поминатите часови на работа зголемена за 50%.
(4) Додатоците меѓусебе не се исклучуваат.
(5) По исклучок, работодавачот е должен на вработениот наместо парични средства да му овозможи користење на слободни часови, односно денови, колку што бил ангажиран за работата надвор од редовното работно време.

## Надоместување на трошоци поврзани со работата

### Член 32

(1) Вработениот има право на надоместување на трошоците поврзани со работата, како и други надоместоци, согласно општите прописи за работните односи и овој колективен договор, и тоа за:

- службено патување (патни, дневни и други трошоци за службени патувања во странство);
- теренски надоместок (трошоци за работа на терен), во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и слично);
- смрт на вработениот или член на неговото семејство (брачен другар и децата родени во брак или надвор од брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување);
- штета при елементарни непогоди;
- трошок при подолго боледување на вработениот и
- регрес за годишен одмор.

(2) Дневниците за службени патувања и теренскиот надоместок, меѓусебно се исклучуваат.

(3) Вработениот има право на отпремнина при одење во пензија, како и јубилејни награди.

(4) Висината, основицата и рокот за пресметување и исплата на надоместокот на овие трошоци се утврдува со закон и овој колективен договор.

### Член 33

Основицата за пресметување на надоместоците на трошоците поврзани со работа претставува просечна месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во изминатата година.

## Дневница за службено патување во странство

### Член 34

(1) На вработениот му се надоместуват издатоците за службено патување во странство, согласно Уредбата за издатоците за службени патувања.

(2) Износот на дневницата за службено патување во странство се исплатува:

- 50% од утврдената дневница ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на работодавачот;
- 20% од утврдената дневница ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на работодавачот и
- 5% од утврдената дневница ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на работодавачот, а престојот е над 30 дена.

(3) Под стручно оспособување и усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови на средби организирани во странство на мултилатерална и билатерална основа.

(4) Пресметката на издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува на следниот начин:

- една дневница за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа и

- половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.

(5) Средствата за службено патување во странство треба да се предвидат во Буџетот на Општина Карпош.

**Теренски надоместок**

**Член 35**

(1) Вработениот кој по налог на работодавачот работи или престојува на терен има право на посебен надоместок поради зголемените трошоци за живот (теренски надоместок).
(2) За работа на терен во смисла на овој договор, се смета секоја работа која трае подолго од десет дена, а се одвива надвор од местото на седиштето на работодавачот.
(3) Износот на теренскиот надоместок изнесува дупла дневница за секој поминат ден на терен.
(4) Ако на работникот му е обезбедено бесплатно сместување, теренскиот надоместок се намалува за 50%, а доколку покрај сместувањето му е обезбедена и бесплатна исхрана, тогаш работникот нема право на посебен теренски додаток.
(5) Теренски надоместок не се исплаќа доколку местото во кое е упатен вработениот на работа е оддалечено помалку од 100 километри од местото на местото на седиштето на работодавачот.
(6) На вработените кои користат теренски надоместок не им следува надоместок за трошоците за превоз заради посета на потесното семејство.

**Право на парична помош**

**Член 36**

(1) Во случај на смрт на вработен, на неговото семејство му се исплаќа парична помош во износ утврден во Одлуката за извршување на Буџетот.
(2) На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоените деца и децата земени на издржување) му се исплаќа парична помош во износ утврдени во Одлуката на Буџетот.
(3) Надоместоците од ставовите (1) и (2) на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта.

**Член 37**

Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци на вработениот му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето-плата исплатена кај работодавачот.

**Член 38**

Во случај на потешки последици од елементарни непогоди, работодавачот може на вработениот да му исплати парична помош, најмалку во висината на една основица од просечна нето плата во Република Северна Македонија.

## Право на регрес за годишен одмор

**Член 39**

(1) Вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од 60 % од износот на просечната плата на ниво на Република Северна Македонија исплатена во последните три месеци, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај работодавачот.
(2) Правото на регрес за годишниот одмор има и вработениот кој во текот на календарската година се вработил кај друг работодавач во смисла на овој колективен договор.

## Испратнина

**Член 40**

Вработен кој заминува во пензија, има право на испратнина во висина од две основици од просечната месечна нето плата во Република Северна Македонија исплатена во последните три месеци.

## Јубилејна награда

**Член 41**

(1) За непрекината работа кај работодавачот, вработениот има право на јубилејна награда кај работодавачот.
(2) Висината на јубилејната награда изнесува:

- за 10 години непрекината работа во Општина Карпош– 100% од основица,
- за 15 години непрекината работа во Општина Карпош– 125% од основицата,
- за 20 години непрекината работа во Општина Карпош– 150% од основицата,
- за 25 години непрекината работа во Општина Карпош– 175% од основицата,
- за 30 години непрекината работа во Општина Карпош– 200% од основицата,
- за 35 години непрекината работа во Општина Карпош– 225% од основицата,
- за 40 години непрекината работа во Општина Карпош - 250% од основицата.

## Плата за време на годишен одмор и специјализирана обука

**Член 42**

За време на користење на годишниот одмор или обука за стручно усовршување на која е упатен од страна на работодавачот, вработениот има право на плата во висина што би ја примил во тековниот месец кога би бил на работа.

## Плата за време на суспензија

**Член 43**

Вработениот кој врз основа на решение е суспендиран од работодавачот, за времетраењето на суспензијата има право на плата од 60% од платата што ја примил за последниот месец пред донесувањето на решението за суспензија.

**<u>Плата за време на штрајк</u>**

**Член 44**

За време на штрајк вработениот има право на плата во висина од 60% од платата што ја примил претходниот месец и придонеси од плата во цел износ.

**<u>13-та плата</u>**

**Член 45**

(1) Вработениот има право на 13-та плата во висина од просечна месечна нето - плата исплатена во Република Северна Македонија објавена до денот на исплата.

(2) Вработените на кои во текот на календарската година им е изречена дисциплинска мерка немаат право на 13-та плата за таа година.

(3) Средствата наменети согласно овој член работодавачот ќе ги исплати доколку има можност односно доколку се предвидени средствата во Буџетот на општина Карпош.

## V. ИНФОРМИРАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

**Член 46**

(1) Работодавачот е должен да обезбеди редовно и навремено информирање на претставниците на синдикалната организација при Општина Карпош членка на Синдикатот за:

- процесот на спроведување на вертикална функционална анализа кај работодавачот;
- изготвување на правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места;
- општите акти и одлуки со кои се уредуваат правата и обврските на вработените и
- други прашања од заеднички интерес согласно општите прописи за работните односи и прописите за безбедност и здравје при работа.

(2) Информирањето се врши по писмен и електронски пат.

## VI. УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ДЕЛУВАЊЕ НА СИНДИКАЛНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИИ

**Член 47**

Работодавачот е должен да создаде услови за работа на синдикалните организации при Општина Карпош, во врска со заштитата на правата на вработените од работниот однос, утврдени со закон, овој или друг колективен договор.

**Член 48**

(1) На претставниците на синдикалните организации при Општина Карпош им се овозможува непосредна комуникација со раководното лице на работодавачот или лице овластено од раководното лице на работодавачот.

(2) Синдикатот изготвува список на синдикални претставници на нивната синдикална организација при Општина Карпош и на избраните и именуваните членови во органите на синдикатот и го доставуваат до раководното лице на работодавачот.

**Член 49**

(1) На барање на синдикатот, работодавачот доколку е во можност обезбедува и овозможува стручни, административни и технички услови за работа на синдикалната организација на синдикатот заради остварување на синдикалните функции, како:

- умножување и печатење на материјали;
- користење на службено возило;
- телефон со излезна и интерна линија;
- интернет;
- простор за одржување на синдикални состаноци и
- други услови неопходни за функционирање на синдикалната организација.

(2) Доколку постојат финансиски можности и кога општината од сопствени примања има паричен приход, може од приходот да издвои средства како финансиска поддршка за синдикалните потреби и активности по претходно доставено барање.

**Член 50**

(1) За остварување на финансиско - сметководствени работи на синдикалната организација се обезбедува пресметка и уплата на синдикална членарина по доставување на писмено известување од синдикатот за висината на членарината и таа се наплатува заедно со пресметката и исплатата на платата.

(2) Членарината од членовите на синдикалната организација се исплаќа на сметката на Синдикатот на УПОЗ кој потоа ја распределува согласно Статутот и другите акти на синдикатот.

(3) Работодавачот е должен при исплата на платата да врши задршка и уплата на личните обврски на членот на синдикатот (кредит, набавка на производи и стоки на рати преку синдикатот).

(4) Вработениот при стапување во синдикатот потпишува пристапница.

(5) Стручната служба на синдикатот, по добиената пристапница од претседателот на синдикалната организација при Општина Карпош членка на синдикатот, го известува Одделението за сметководство и плаќања на работодавачот кое што е должно да ја пресметува и уплатува членарината.

(6) Работодавачот не смее да одбие издвојување на синдикалната членарина од платата на вработениот доколку стручните служби на синдикатот уредно и навремено достават известување и одлуката од став (1) на овој член.

(7) Работодавачот може да ја запре пресметката и исплатата на членарината на одреден вработен само со претходно писмено известување од синдикатот во кој членува вработениот.

(8)Работодавачот не смее да ја запре исплатата на синдикалната членарина од платата на вработениот доколку тој лично и непосредно се обрати на работодавачот.

(9) Работодавачот е должен еднаш месечно да достави до соодветниот синдикат список за задршка на уплатена членарина од платата на вработените кои се членови на тој синдикат.

**Член 51**

(1) Работодавачот може да учествува во трошоците на организирање за едукација и обука, културни манифестации и спортски игри и средби кои ги организира синдикатот.

(2) Работодавачот и синдикатот можат да склучат и спогодба со која попрецизно ќе биде регулиран начинот на остварување на правата од ставот (1) од овој член.

**Член 52**

(1) Членот на синдикатот кој користел средства од солидарниот фонд или било која погодност или бенефиција од синдикатот, не може да истапи се до моментот на конечната исплата на неповратните средствата односно се до конечната исплата на средствата доколку користел позајмица.

(2) Членот не може да истапи од синдикатот и во случаи кога користел право од овој колективен договор потпишан од синдикатот или право од работен однос регулирано со документ (спогодба, договор и слично), ако со тие права членот добил финансиски бенефит или подобрување на неговиот статус на работното место, како и правна помош при учество во судски спорови, дициплински постапки и други правни постапки во кои членот бил застапуван од синдикатот.

(3) Доколку членот користел права од ставовите (1) и (2) од овој член не може да истапи во период од три години од денот на поднесување на барањето за истапување.

**Член 53**

(1) Претседателот на синдикалната организација, неговите заменици, членовите на органите на синдикалната организација и на синдикатот и поверениците кои учествуваат во работата на синдикатот во одборите и комисиите имаат право на посебна заштита утврдена со Законот за работните односи и колективните договори.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член за време на нивниот мандат и две години од истекот на мандатот не можат да добијат отказ и без нивна согласност не може да бидат распоредени на друго работно место, за синдикална активност, освен за дисциплинска одговорност по сторен дисциплински престап или ако му престане работниот однос по сила на закон.

(3) На лицата од ставот (1) на овој член, работодавачот треба да им овозможи ефикасно вршење на функциите на синдикатот, за учество на синдикални состаноци, семинари, конгреси, конференции, учество на спортски игри и други синдикални активности согласно статутот и програмата за работа на синдикатот со платено отсуство од работа за време на вршењето на посочените активности, и тоа:

- за претседателот и потпретседателот на синдикалната организација до 72 часа месечно;
- за членови на синдикални органи и тела до 56 часа месечно и
- за повереник на синдикалната организација до 32 часа месечно.

(4) По предлог на синдикатот и други членови на синдикалната организација може да користат платено отсуство за синдикални активности додека трае потребата од нивно ангажирање, но не подолго од 24 часа месечно.

(5) Членовите на синдикалната организација имаат право на платено отсуство од работа за учество на синдикални спортски игри, семинари, конференции, работилници, синдикални школи во траење од 10 работни дена годишно. Овие денови не се сметаат заедно со деновите за отсуство предвидени со членот 15 од овој колективен договор.

## VII. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ШТРАЈК

**Член 54**

(1) Правото на штрајк вработениот го остварува во согласност со Законот за работните односи, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, друг закон, актите на синдикатот и овој колективен договор.

(2) Штрајкот мора да биде писмено најавен кај работодавачот. Во писмото со кое се најавува штрајкот мора да бидат наведени причините за штрајкот, местото на одржување на штрајкот, времетраењето, денот и времето на почетокот на штрајкот.
(3) При остварувањето на правото на штрајк вработените се должни да обезбедат минимум непречено извршување на функциите на Општина Карпош и неопходно ниво на остварување на правата и интересите на граѓаните и на правните лица.
(4) Штрајкот мора да биде организиран на начин со кој нема да се оневозможува, или попречува организирањето и одвивањето на работниот процес за вработените кои не учествуваат во штрајкот, забрана за влез на вработените и на одговорните лица во деловните простории на работодавачот.
(5)Раководното лице кај работодавачот заедно со претседателот на синдикатот спогодбено подготвуваат и донесуваат правила со кои се определува начинот на извршување на надлежностите, односно дејностите од јавен интерес на работодавачот за време на штрајк (кои не можат да се прекинат), бројот на вработени кои ќе ги извршуваат надлежностите за време на штрајк, како и начинот на обезбедување услови за правото на штрајк.
(6) Доколку раководното лице кај работодавачот и претседателот на синдикатот не се договорат во врска со наведеното од ставот (5) на овој член, тогаш како работни задачи кои не смеат да се прекинат за време на штрајк ќе се сметаат само работите кои се нужни, а со чие прекинување би се предизвикала несразмерна штета за државата, граѓаните и работодавачот, која не би можела да се надомести со ниту една дополнителна мерка или активност по завршување на штрајкот.

**Член 55**

(1) За време на штрајк вработените во Општината имаат право на плата согласно членот 44 од овој колективен договор.
(2) За време на штрајк, работодавачот е должен на вработените да им исплаќа придонеси на плата во цел износ утврдени со посебните прописи и овој колективен договор кои му припаѓаат на вработениот за време на штрајк, доколку штрајкот е организиран согласно закон и правилата на синдикатот.
(3) Вработените кои учествуваат во штрајк, не смееат да бидат ставени во понеповолна положба од другите вработени, поради нивното учество во штрајк.
(4) Работодавачот во ниту еден случај и по ниту еден основ не може да го ограничи правото на штрајк, директно или индиректно да влијае на волјата на вработените, ниту пак преку други лица да презема активности за спречување на штрајкот.
(5) Доколку веќе започнатиот штрајк се прогласи за незаконски, работодавачот не смее да даде откази на ниту еден вработен по основ на учество на штрајкот.

**Член 56**

(1) Пред започнување на штрајкот, синдикатот и работодавачот се должни да отпочнат постапка на мирење најдоцна 7 (седум) дена пред започнување на штрајкот.
(2) Страните во постапката за мирење учествуваат со добра волја и преземаат дејствија за надминување на причините за штрајк.
(3) Постапката за мирење трае до три (3) дена.
(4) Доколку во постапката за мирење не е постигнат договор по прашањата кои се причина за штрајкот, штрајкот може да започне.
(5) Доколку во постапката за мирење се постигне договор меѓу страните, се склучува спогодба меѓу страните, со чие потпишување најавата за штрајк се повлекува.
(6) Постапката за мирење се води согласно Законот за мирно решавање на работните спорови.

**Член 57**

Организаторот на штрајкот за времетраењето на веќе започнат штрајк, може да преговара со раководното лице кај работодавачот за решавање на спорните прашања кои се причина за штрајк.

## VIII. ОДГОВОРНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ И РАБОТНИТЕ ЗАДАЧИ

**Член 58**

(1) Вработените во Општината се лично одговорни за вршењето на работите и работните задачи на работното место.
(2) Одговорноста на вработените од ставот (1) на овој член може да биде дисциплинска и/или материјална.
(3) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува диисциплинската одговорност на вработениот.
(4) Дисциплинска и/или материјална одговорност на вработените во општината се утврдува со Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници, Законот за локалната самоправа, Законот за прекршоци, како и општите прописи за работни односи.

## XIII. ИЗМЕНУВАЊЕ, ДОПОЛНУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР

**Член 59**

(1) Страните на овој колективен договор и вработените на кои се применува, се должни да ги извршуваат неговите одредби.
(2) Заради повреда на обврските од овој колективен договор, оштетената страна или вработен на кој тој се применува може да бара надомест за претрпена штета.
(3) Секоја страна потписник на овој колективен договор може да предложи измена и дополнување на овој колективен договор.
(4) Предлогот за измена и дополнување се доставува во писмена форма до другиот учесник кој е должен да се изјасни во рок од 30 дена.
(5) Во случај ако другата страна не го прифати предлогот за изменување и дополнување или не се изјасни по истиот во давениот рок од став 2 на овој член, странатa предлагач може да започне постапка за усогласување пред арбитражниот совет.

**Член 60**

(1) За следење на примената и за изменување и дополнување на овој колективен договор страните формираат комисија за следење и измени и дополнувања.
(2) Комисијата од ставот (1) на овој член дава и толкувања на одредбите од овој колективен договор.
(3) Секој од учесниците на овој колективен договор именува по два члена во комисијата, во рок од 15 дена од склучувањето на овој колективен договор.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 61**

(1) Овој колективен договор почнува да се применува од 01.04.2026 година.

(2) Овој колективен договор се склучува за период од 4 (четири) години со можност за продолжување со писмена спогодба на страните на договорот.

(3) Овој колективен договор може да продолжи да важи ако страните на договорот, најдоцна 30 дена пред истекот на важењето склучат писмена спогодба со која ќе го продолжат важењето на овој колективен договор.

(4) Доколку не дојде до продолжување на овој колективен договор или склучување на нов по истекот на времето на важење, неговите одредби се применуваат и важат до склучување на нов или негово продолжување.

**Член 62**

(1) Овој колективен договор и сите негови измени и дополнувања, како и откажувања на истиот, јавно се објавуваат на огласна табла на работодавачот и преку електронските гласила на договорните страни.

(2) Овој колективен договор стапува во сила со денот на склучувањето.

(3) Објавениот текст на колективниот договор се публикува во соодветен број на примероци кои се доставуваат на вработените.

(4) Работодавачот односно синдикатот има обврска на секој вработен да му овозможат увид на овој колективен договор.

(5) Овој колективен договор се евидентира кај договорните страни кои се негови потписници.

| Општина Карпош | Синдикат на работниците од управата, правосудните органи, здруженија на граѓани на РМ (Синдикат на УПОЗ) | Синдикална организација на Синдикатот на УПОЗ при Општина Карпош |
|---|---|---|
| Градоначалник<br>Сотир Лукровски | Претседател<br>Трпе Деаноски | Претседател<br>Благоја Павловски |